лабораторија avicena

ПЗУ АВИЦЕНА ЛАБОРАТОРИЈА
СЕЦИЈАЛИСТИЧКА ДИЈАГНОСТИЧКА ЛАБОРАТОРИЈА
**ЛОКАЦИЈА 1** Бул. 8-ми Септември бр. 2, лок. 1, 1000 Скопје;
тел: 02 3179 001; lab@avicenalab.com.mk
**ЛОКАЦИЈА 2**
Бул. Јане Сандански бр. 7, лок. 4, 1000 Скопје; тел: 02 2477 345;
lab2@avicenalab.com.mk
**ЛОКАЦИЈА 3**
ул. Благоја Тоска бр.222, 1200 Тетово; тел: 044 355 550, 044 355 551;
labtetovo@avicenalab.com.mk

# Триглицериди

| | |
|---|---|
| **За тестот:** | Тест за одредување концентрација на триглицериди во крв. |
| **Примерок:** | Венска или капиларна крв. |
| **Подготовка пред земање примерок:** | За повеќето лабораториски испитувања на крвта неопходна е припрема која подразбира земање на примерок ( на празен стомак ) наутро, 12 часа од последниот оброк. Ова е неопходно затоа што консумацијата на храна во периодот пред земањето крв доведува до пораст на концентрацијата на глукоза, холестерол, липиди, протеини, железо и други метаболити.<br><br>За да се добијат веродостојни резултати, во договор со лекарот, вадењето крв треба да се прави после прекин со терапијата и wash out периодот ( времето неопходно целиот лек да се исфрли од организмот и реално се одредат нови базални вредности ). Ова особено се однесува на терапија со железо, витамински препарати, хормонска терапија и др. |
| **Референтни вредности:** | < 1.7 mmol/L |
| **Забелешка:** | Триглицеридите се дел од стандардниот липиден профил при проценка на липидниот статус и општата состојба на организмот. Најголемиот дел од триглицеридите се наоѓаат во масното ткиво, но еден дел од нив циркулира во крвта и го носи вишокот на масти во масното ткиво за складирање, за да се ослободат како извор на енергија подоцна, кога ќе биде потребно. Високи нивоа на триглицериди во крвта се поврзани со развој на кардиоваскуларни заболувања. |